1.057. 3. 51/224-227
Ф. 357

224

ДО ОБЛАСТНИО НАРОДНО-ОСЛОБОДИТЕЛНИО ОДБОР
во гр.Б И Т О Л А

М О Л Б А-З А Й А В Л Е Н И Е

от Милан Велев Милевски,родом от гр.Прилеп а жител на гр.Битола и живей на ул.Криволак № 4

Д р у г а р и ,

Имам изработено план за кроене и шиене на блузи/сталиновки/и шинели без рабой на рамената и от страните.Со овой план на кроене се прай голема икономийа от плато и алиштето многу по убаво лежи на телото.На пример за една блуза по денешниве кройки е потребно 1.65 метра а по мойот план-кройка 1.28 метра.Покрај ова икономийа се прай икономийа и на конците и на времено.За на гледност прилозувам 3 фотографи от планот-цртежот и от изработените блузи.

Имам изработено уште два други цртежи по усавршенствувани от првио т.у. от горе споменатио.

Бидейки имам големо желание да изработам три блузи и три шинели койи да се испратат на углед во С.С.С.Р.най учтиво молам да ми Президиумот на АСНОМ стави на разположение потребната количина плат и останалио материйал за тайа цел.

СМРТ НА ФАШИЗАМОТ-СЛОБОДА НА НАРОДОТ!

1.XII.1944 год.

Со другарски поздрав
Милан В. Милевски

БИТОЛСКИ ОБЛАСТЕН НАРОДНО-ОСЛОБОДИТЕЛЕН ОДБОР
СЕКРЕТАРИЈАТ
Бр. 548
2-XII 1944 г.
гр. Битола

До Президиумот на АСНОМ
С к о п й е

Другари,

Ви йа испрачаме молбата на другаро Милан Велев Милевски,шивач од гр.Битола на разпореждане.

С.Ф. - С.Н.

СЕКРЕТАР,
С. Акимовски

ПРЕДСЕДАТЕЛ,
Тоде Ноцпал

ПРЕЗИДИУМ на АСНОМ
СЕКРЕТАРИЈАТ
Р. Бр. 357
19-XII-1944 г.
СКОПЈЕ

ДО ГЛАВНИОТ ШТАБ на НОВ и ПОМ

СКОПЙЕ

Испракйа ви се тайа молба заедно со три снимки, на надлежност.

С.Ф.- С.Н.

Секретар:

М 20/XII

ГЛАВЕН ШТАБ на НОВ и ПОЈ
за Македонија
Економски отдел
№ 948
194 г.

30/XII

АРХИВ НА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ

До Президиумот на АСНОМ
Секретарийат.
гр. Скопйе.

Во одговор за Вашето писмо Ви саобштаваме следното:

Со писмо №-____ од _____1944 година дадовме налог да се горниот майстор изпрати во Екомонското оделение на Гл.Штаб на НОВ и ПОЙ за Македонийа, за работа.

Смрт на Фашизамот-Слобода на Народот.

Шеф на Материйалниот отсек: | Началник:

ПРЕЗИДИУМ на АСНОМ
СЕКРЕТАРИЈАТ
R- Р. Бр. 357/44
5-I-1945 г.
СКОПЈЕ

357






Двойна Ширина